**БИМ АД Свети Николе**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

**на БИМ АД СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2025 год.**

**Св.Николе, 2025 год.**

**Подносител,**
**Генерален директор,**
**Дипл. правник Слободан Ивановски**

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**
**на БИМ АД Свети Николе за 2025 година**

БИМ АД Свети Николе ја обавува својата работа врз основа на донесена и усвоена **ПРОГРАМА ЗА РАБОТА.**

Тековното планирање е насочено и усогласено со моменталните услови за стопанисување во државата.Каква ќе биде реалната поставеност на Годишната програма за работа во услови на многу тешко стопанисување во државата, во услови на економска нестабилност, останува да видиме во текот и крајот на 2025 година.

Во Програмата за работа за 2025 година се содржани следните планирања:
-Планирање на производството
-Планирање на реализацијата на готови производи
-Планирање на увозот и извозот
-Планирање на набавката на суровини и материјали
-Планирање на вработените и нивна структура
-Планирање на трошоци и расходи
-Планирање на инвестиции
-Планирање на вкупниот приход

Поголем дел од горенаведените планирања зависат од реалната поставеност на планирањето на производството и планирањето на реализацијата, како и од моменталните услови за стопанисување.

## Планирање на производството

Планирање на производството за нас претставува реална можност да се произведе но и да се продаде. При планирање на производството се тргна од моменталните услови за работа, од економските услови за стопанисување, во услови каде што постои една несигурност на пазарот, било во однос на продажбата било во однос на набавката на суровини и материјали.

При планирање на производството се тргна од оствареното производство во 2024 година.

Вкупно физичкиот обем на планираната количина производство во 2025 год. изнесува вкупно 20.381 тони, а од тоа планираме да се произведат:
-Битуменски траки ................................ 5.539 тони
-Битуменски маси................................14.842 тони

Во текот на планираната година доколку се јави потреба на пазарот од поголема количина на поодделни видови на производи, БИМ АД Свети Николе има капацитет и можност да одговори на поголеми побарувања од купувачите.

БИМ АД Свети Николе располага со асортиман од околу 280 производи и неколку вида на полупроизводи, но на барање на купувачите се произведуваат и производи кои имаат посебен квалитет и специјална намена.

Кога станува збор за Планирањето на производството треба да се има предвид дека тоа се однесува на работењето во производство за единаесет месеци и тоа со паузи во текот на месецот со целосно исклучување на греењето. Имајки го во предвид временскиот карактер на производство и употреба на нашите производи тие ќе се произведуваат во различни временски интервали.

## Планирање на реализација

Планирање на реализација за 2025 година се однесува на физичкиот и финансов обем на количина битуменски маси и траки што планираме да се продадат во 2025 година на домашен пазар и во странство.

Планираме да се продадат:
-Битуменски траки . . . . . . . . 1.911.886 м$^2$
-Битуменски маси . . . . . . . .14.710.000 кгр

Вредноста на битуменските траки и маси што планираме да се продаде изнесува 13.515.291 еур од тоа:
Домашен пазар......7.250.056 еур
Извоз .................. 6.265.235 еур

## Планирање на извозот и увозот

За 2025 година БИМ а.д. Свети Николе планира продажба на странски пазар со вредност од 385.311.953,00 денари односно планира девизен прилив од 6.265.235 еур-а.

Извозот планираме да го оствариме директно преку својата комерцијална служба. Напоменуваме дека не е исклучена можноста да се најдат наши производи на странскиот пазар и преку индиректни извозници, но таквата продажба не ја евидентираме како извоз.

Извозот планираме да се оствари во соседните земји, бидејки на овие простори сме конкурентни.

Главната суровина битумен за 2025 год. планираме дел да биде набавена од трговци од соседните земји Грција, Албанија, Бугарија,а секако и дел од домашни увозни фирми доколку имаат поконкурентна цена.

Увозот на суровини и материјали, амбалажа претежно ќе биде насочен кон Србија, Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина, Кина, Јужна Кореја, Чешка, Германија и други западно европски земји .

Набавката на сите суровини, материјали и амбалажа ќе биде од фирми кои имаат ИСО сертификат и СЕ ознака на своите производи.

## Планирање на набавка на суровини и материјали

Планирање на набавката на потребните суровини и материјали се однесува на материјалниот обем на потребните суровини за обавување на нормалниот тек на производниот процес.

Набавките на суровините ќе бидат од странски и домашен пазар. Ќе набавуваме суровини од Босна и Херцеговина, Грција, Албанија и Србија, Бугарија, Германија, Чешка, Полска, Кина, Јужна Кореа.

Од домашниот пазар ќе се набавуваат останатите потребни суровини.

## Планирање на вработените и нивна структура

За извршување на поставените плански задачи за работа во 2025 година ќе бидат ангажирани 60 вработени.

Бројот и квалификационата структура на вработените за 2025 година е како што следува:

- Ниско образование ..................... 6
- Средно образование ................... 43
- Високо образование .................. 11

Врз основа на планот на вработените и нивната структура пресметана е планирана бруто плата за 2025 год. На име бруто плата планираме да бидат исплатени 51.697.800,00 денари.

## Планирање на расходи и трошоци

Најголемо учество во вкупните трошоци ќе имаат потрошените суровини и материјали со вредност од 683.791.000,00 денари.

Битуменот како основна и главна суровина во вкупни трошоци ќе има учество од 44,5%.

Бруто платите ќе имаат вредност од 51.697.800,00 ден.

Амортизацијата како трошок ја планираме со вредност од 6.100.000,00 ден.

Вкупните трошоци ги планираме со големина која ќе биде покриена со планираните приходи.

## Планирање на инвестиции

Во текот на 2025 година планираме да продолжиме интензивно со процесот на инвестиции како и во текот на претходните години, односно планирано е да се инвестираат средства во вкупен износ од 14.000.000,00 денари. Се планираат следните инвестиции: продолжува изградбата на додавач на втор посип (песок), набавка на мали дигестори за во

лабораторија, реконструкција и подобрување на погон за емулзија, изработка на машина за амбалажирање на разредени битумени, изработка на пегла за наставување на влошка, набавка на постројка за топење на битумени од арари, реконструкција на погонот за оксидиран битумен, изработка на мешалка за бикутекс траки, пречистителна станица за отпадни води, набавка на нов котел за во котлара, набавка на опрема за размерување на битумен за маси, набавка на опрема за размерување на битумен на стара постројка за полибим, набавка на опрема за размерување на гудрон за оксидација и др.

## Планирање на вкупен приход

Планирањето на вкупниот приход е изготвен врз основа на претходно споменатите планирања, се мисли на Планирањето на производството, Планирање на реализацијата и Планирање на трошоците.

Доколку се оствари се она што е зацртано во Програмата за работа за 2025 год. би се остварил приход во вредност од 837.287.000,00 денари.

Како резултат на вкупното работење зацртано со Програмата за работа планираме да ги оствариме следните финансиски резултати.

- Вкупен приход .................................. 837.287.000,00 денари
- Вкупно расходи................................ 791.942.000,00 денари
- Бруто добивка .................................... 45.345.000,00 денари

Генерален директор,
Дипл.правник, Слободан Ивановски